Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА -БИТОЛА-

**Архивски број:** 04-235/23
**Датум:** 26.09.2023 **година**

Врз основа на член 20 став 1, алинеја 8 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, член 23, точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 8 став 13 од Колективниот договор за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 249/19), а во врска со Јавниот оглас бр.03/2023, ВД Директорот ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Хигиеничар по пат на Јавен оглас**

1. По Јавниот оглас број 03/2023 за вработување на неопределено време на 5(пет) извршители во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", за работното место под реден број 2.**Хигиеничар**, звање на работно место Помошно-техничко лице (за одржување на објекти и опрема) од трето ниво со шифра на работно место СОЗ0401А03004 во Одделот за административни и помошно-технички работи, Дел за помошно-технички работи во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, од предложената ранг- листа се избира кандидатот **Мирјана Несторовска**.
2. Одлуката за избор ќе биде објавена на огласна табла на Установата и на веб страницата на Установата (domazadoencinjabitola.mk).
3.Избраниот кандидат Договорот за вработување ќе го потпише по конечноста на Одлуката за избор.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" беше објавен Јавен оглас бр. 03/2023 за вработување на неопределено време на 5(пет) извршители во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола и тоа ден 15.09.2023 година и траеше три работни дена.

Како дел од работните места за кои се објави Јавниот оглас беше и работното место 2. Хигиеничар, звање на работно место Помошно-техничко лице (за одржување на објекти и опрема) од трето ниво со шифра на работно место СОЗ0401А03004 во Одделот за административни и помошно-технички работи, Дел за помошно-технички работи, за еден извршител.

Со Решение број 04-235/10 од 19.09.2023 година, формирана е комисија за селекција на вработување за спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас која се состои од две фази:


Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2
Република Северна Македонија
+389 047 253 339
+389 047 254 339
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

-ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА -БИТОЛА-

-административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
-интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција бр.04-235/17 од 22.09.2023 година, утврдено е дека е пристигната една пријава за вработување на работно место Хигиеничар и тоа од гореименуваната, која ги исполнува општите услови и посебниот услов од Јавниот оглас и истата е поканета на интервју на ден 25.09.2023 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведеното интервју бр. 04-235/19 од 25.09.2023 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Хигиеничар бр. 04-235/20 од 25.09.2023 година и истите ги достави до ВД Директорот, да изврши избор.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр.04-235/17 од 22.09.2023 година, Записникот од спроведеното интервју бр. 04-235/19 од 25.09.2023 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Хигиеничар бр.04-235/20 од 25.09.2023 година од Комисијата за селекција на вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Горенаведениот кандидат ќе заснива работен однос на неопределено време во ЈУ Дом за доенчиња и мали деца-Битола, по конечноста на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот може да поднесе приговор до Управниот одбор на Установата, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

ВД Директор
Анета Талевска


Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2
Република Северна Македонија
+389 047 253 339
+389 047 254 339
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com